**Известување за концентрација со која А1 СРБИЈА Д.О.О., ќе стекне контрола врз средства во сопственост на Конексио д.о.о. Белград (предмет бр. 08-64/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на стекнување на директна единствена контрола од страна на А1 Србија д.о.о., со регистрирано седиште на ул. Милутина Миланковича 1ж, 11070 Нов Белград, Србија над средства – празна телекомуникациска канализациона цевка („Целни средства„), кои преставуваат дел од друштвото Конексио д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на ул. Џорџа Станојевича 12, стан II. Нов Белград.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**А1 Србија д.о.о.** е индиректна фирма ќерка на А1 Телеком Австрија Групацијата и истата е давател на јавни мобилни и фиксни телекомуникациски услуги, како и услуги на обезбедување на интернет пристап и давање интернет услуги, изнајмување на инфраструктура за вршење електронска комуникациска дејност, изнајмување на електронски комуникациски мрежни ресурси и дистрибуција на медиумски содржини. Планираната Трансакција се состои од стекнување на директна единствена контрола од страна на Подносителот врз Целните средства.

А1 Телеком Австрија Групацијата претставува дел од Америка Мовил Групацијата и е активна во Северна Македонија преку:

- А1 Македонија ДООЕЛ Скопје ("А1 Македонија") како давател на мобилни телекомуникациски услуги, фиксни телефонски услуги, броадбенд интернет пристап и дистрибуција на медиумски содржини,
- Друштвото А1 Тауерс ДООЕЛ Скопје ("А1 Тауерс") како давател на услуги на изнајмување на телекомуникациска инфраструктура – пристап до мрежни елементи и придружни средства, изнајмени линии и други услуги на јавна радио-комуникациска мрежа,
- Друштво за застапување и услуги ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје со дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма и
- Друштво за развој на информатичко компјутерско технолошки производи ЛИНВОРКС ДООЕЛ Скопје со дејност компјутерско програмирање.

**Конексио д.о.о. Белград** има поставено своја инфраструктурна телекомуникациска транспортна мрежа со оптички влакна низ територијата на Република Србија, која се состои од една телекомуникациска канализациона цевка во која има инсталирано оптички кабел. Истовремено, во својата инфратруктурна телекомуникациска мрежа, Продавачот има поставено две празни резервни телекомуникациски канализациони цевки со периметар од 40мм („Резервни цевки”). Резервните цевки можат да се искористат за развивање на паралелна телекомуникациска транспортна мрежа со оптички влакна, независна од мрежата на Продавачот.

Целните средства се состојат од една Резервна цевка, чија сопственост ќе премине од Продавачот на Подносителот врз основа на Договорот, со што Подносителот ќе стекне директна единствена контрола врз Целните средства.

Подносителот предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како: Пазар за големопродажен локален пристап (елементи на физичка мрежна инфраструктура) обезбеден на фиксна локација.

Подносителот предлага релевантниот географски пазар треба да се дефинира најмалку како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

18.04.2023 година, Скопје